Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совռески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ КЛАРИНЕТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 14 март 2011 година, донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно - научната уметничка област ***кларинет*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност. На 6 април 2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 1902-51/4 и Решение бр. 1902-51/8 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област *кларинет* (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

1. проф. м-р Иван Кочаров, ред. проф. од наставно-научната уметничка област кларинет, редовен проф. во пензија, претседател;
2. доц. м-р Владимир Лазаревски, доцент од наставно - научната уметничка област обоа, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член;
3. проф. д-р Кирил Рибарски, вонреден професор од наставно - научната уметничка област тромбон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ за избор на еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 18 март 2011 г., за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно - научната уметничка област кларинет се пријавија двајца кандидати: **м-р Зоран Илиев** и **м-р Бранко Павловски.**

Критериумите за избор во насловно звање доцент, наведени во Конкурсот, беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-тручни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови/ концерт (член 127) | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Зоран Илиев | има | има | има | има | има | има |
| М-р Бранко Павловски | има | има | има | има | има | има |

***Биографски податоци за м-р Зоран Илиев***

Кандидатот **м-р Зоран Илиев** е роден на 17 јануари 1975 година во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип, со одличен успех. Истовремено го посетува и нижото музичко училиште каде почнува да го изучува инструментот – кларинет. По завршувањето, се запишува во средното музичко училиште во Штип во класата на проф. Раде Стојчев, кое го завршува со одличен успех. Во 1993 година се запишува на Факултетот за музичка умесност во Скопје во класата на проф. м-р Иван Кочаров, каде продолжува со усовршување на инструментот. Студиите ги завршува во 1997 година со одличен успех 10 по наставниот предмет Кларинет. По завршувањето на студиите, истата година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје на инструментот кларинет, кај истиот професор. На 21 април 2000 година ги завршува постдипломските студии на тема „*Интерпретација на кларинетот*“ со одличен успех 10 и се стекнува со стручен назив *магистер по кларинет*. (24)

Како студент на Факултетот за музичка уметност редовно учествува на програмата на симфонискиот оркестар и на камерните концерти. Еден од поголемите оркестарски настапи како член во оркестарот на Факултетот за музичка уметност му е свеченииот концерт по повод 30 години од постоењето на Факултетот, кој се одржува во Скопје во 1996 година под диригентската палка на познатиот германски диригент Михаил Луеј, составен од студенти од Македонија, Србија, Албанија, Германија и Америка.

***Наставно-образовна дејност***

По дипломирањето, м-р Зоран Илиев работи на замена во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип како наставник по музичко образование. Од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, четири години хонорарно предава кларинет, како стручњак од пракса на Факултетот за музичка уметност (19, 20), а во исто време работи хонорарно и во приватното средно музичко училиште „Оксиа“ во Штип. Од периодот на наставната работа на Факултетот за музичка уметност во Штип, согласно со документацијата би ги издвоиле настапите на неговите студенти по кларинет на:

- 28 мај 2009 година, настап на неговите студенти по кларинет на Факултетот за музичка уметност во Штип.
- 22 октомври 2010 година, концерт на студентите по кларинет во Универзитетската библиотека „Гоце Делчев“ во Штип. (18)

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

М-р Зоран Илиев има остварено неколку солистички настапи на камерни концерти со по една композиција или еден став од циклични композиции во Штип, Скопје, Битола, Охрид, Тетово. Како студент на постдипломските студии во предвидената наставна програма има остварено две рецитални програми и два концерта со пијано придружба.

- На 23.12.2010 година, настап на новогодишниот камерен концерт во Домот на културата „Ацо Шопов“ во Штип. (22)
- На 3.11.1998, 21.3.2000 и 21.12.1999 година, магистерски концерт на ФМУ Скопје. (21)
- Учествува на државните натпревари по музика во Скопје и Битола каде освојува две втори награди во 1991 и 1997 година. (25)

- На 25.11.1998 година камерен настап на концертни сонати од германски композитори. (22)
- На 13.6.1997 година, дипломски концерт на ФМУ Скопје. (21)
- На 3.12.1996 година, настап во Хотел „Инекс Горица“ во Охрид. (22)
- На 20.3.1996 година настап на концертот во Скопје. (22)
- На 7.4.1995 година настапува на камерниот концерт на Факултетот за музичка уметност – Скопј.е (22)
- На 27.4.1994 година настапува на камерниот концерт на Факултетот за музичка уметност – Скопје. (22)
- На 14.6.1991 година има настапувано на манифестацијата „Штипско културно лето“. (23)

***Биографски податоци за м-р Бранко Павловски***

Кандидатот **м-р Бранко Павловски** е роден во 1976 година во Крива Паланка. Кларинет почнува да учи кај проф. Љупчо Тренчевски во нижото музичко училиште во Крива Паланка. Своето средно музичко образование од 1991 до 1994 година го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје, во класата на проф. И. Кочаров. Во исто време, завршува паралелно и природно-математичка гимназија. Во 1998 година дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Одделот за кларинет, во класата на проф. м-р И. Кочаров со оценка 10 cum laude и просек на положени испити 9.95. Во 1998 година добива стипендија од Факултетот за музичка уметност во соработка со Интернационалната летна школа по музика во Дартингтон, Англија, да учествува на семинар по кларинет кај проф. Данкан Прескот. Во 1998 година ја освои наградата „26 јули“ од Франј Харкорд Манинг од Лондон за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во текот на учебната година 1997/1998 година. (16) Истата година, по повод 8 Октомври - денот на ослободување на Крива Паланка, од страна на Советот на градот му е доделена наградата „8 Октомври“ за постигнати значајни активности и резултати од областа на музичката уметност. (16) Во 1999 година, по повод 50-годишниот јубилеј на УКИМ му е доделена пофалница во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето на ФМУ во учебната 1997/1998 година. Од 1998/1999 година се усовршува на постдипломските студии на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, (Бугарија) во класата на проф. Петко Радев (солист на оркестарот на Миланската скала) каде и магистрира во 1999 година. (12)Во 1999/2000 се запишува на постдипломските студии на Академијата за музички уметности во Прага, Р. Чешка, во класите на проф. Јиржи Клавач и доц. Штјепан Коутњик. Во 2000/2001 год. завршува Курс за офицери во службите на АРМ (музичка служба на Воената академија во Скопје). Во 2001 година учествува на Интернационалната летна школа и Фестивал за музика во Дартингтон, Англија, каде што посетува семинари по кларинет кај Алан Хакер, Дејвид Кембел, Мајкл Увајт, како и камерна музика кај Џулијан Бејкер. Во 2002 година е на семинар по кларинет кај Јоханес Пајц, во рамките на Фестивалот „Денови на музиката“ во Емсбурен, Германија. Во 2003 година магистрира кларинет и на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. м-р И. Кочаров. (11) Во 2003/2004 година студира современа музика за кларинет кај проф. Доминик Видал на „Ecole National de Musique, Ville d’Avray“ во Париз, Франција. Во 2004/2005 година е на постдипломска специјализација за современа музика на „Conservatoire Nationale de Region, Ville de Versailles“ во Париз, Франција, во класата на светски познатиот кларинетист проф. Филип Купер (солист на оркестарот на Париската опера). Бранко Павловски зема часови кај светски истакнатиот кларинетист Ги Данген, потоа Вилијам Блејни и Властимил Мареш. Исто така, Павловски учествува на мајсторски класови кај еминентни кларинетисти како: Волтер Сејфарт, Ричард Мекдауел, Луиза Лудевиг–Вердер, Кенет Лонг, Чед Буроу, Карл Лајстер, Јулиа Хаинен. Бранко Павловски како оркестарски музичар настапувал под диригентската палка на многу познати диригенти како што се: Тимоти Муфит, Карлос Риазуело, Петер Рубарт, Џејмс Андерсон, Мурej Сидлин, Франк Викс, Џери Џанкинс, Ричард Хансен, Доналд Мек Кини, Бил Конти и др. Во 2007 година, Бранко Павловски добива целосна стипендија за докторски студии

на Државниот универзитет во Лузијана, Факултет за музичка уметност. Оттогаш до ден-денешен се наоѓа на студиски престој во САД. М-р Бранко Павловски ги има положено сите 49 испити за време на својот престој од 2007 до 2011 година и му останува да ја одбрани докторската дисертација и да се здобие со звањето доктор на музичката уметност. Во 2011 година Бранко Павловски е ангажиран како стручен соработник - автор на наставната програма по кларинет за основно музичко образование при Бирото за образование на РМ. (17)

***Наставно-образовна дејност***

- Од 2007 година до 2011 година, м-р Бранко Павловски е вработен како асистент по предметите Кларинет, оркестарски делници за кларинет, камерна музика, ес кларинет и бас кларинет на Државниот универзитет во Лузијана, САД т.е. на Факултет за музичка уметност, каде што држи целосна настава на дипломци и на магистранти. (3) и (4) и (15)
- Во учебната 2002/2003 година е вработен како хонорарен наставник по предметот Кларинет во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

М-р Бранко Павловски учествува на голем број државни и меѓународни натпревари каде што ги освојува следниве награди:

- Трета награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Остин, Тексас, САД 2008 година (14);
- Прва награда во 4 категорија во 1997 година во Битола (13);
- Прва награда во 4 категорија во 1994 година во Скопје (13);
- Втора награда во 2 категорија на Сојузниот натпревар во Херцег Нови во 1991 година (13);
- Трета награда во 1 категорија во 1988 година на Сојузниот натпревар во Љубљана (13);
- Прва награда во 1 категорија во 1998 година – Битола (13).

Од доставената документација, од 1988 година до денес реализира преку 70 концертни настапи и тоа: солистички рецитали, солистички настапи со оркестарот на Македонска филхармонија, со камерни состави на разни манифестации од кои би ги издвоиле дел од нив:

***Солистички рецитали***

- Април 2010 г.: Солистички рецитал, Државен универзитет на Луизијана – ЛСУ, Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (6).
- Април 2009 г.: Солистички рецитал, Државен универзитет на Луизијана – ЛСУ, Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (6).
- Јануари 2009 г.: Рецитал на камерна музика, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (6).
- Април 2008 г.: Солистички рецитал, ЛСУ Музеј „Француска куќа“, Батон Руж, САД (6).
- Јули 2007 г.: Солистички рецитал, Фестивал „Скопско лето ’07“, Уметничка галерија „Даут-Пашин амам“, Скопје, Македонија (рециталот е снимен и емитуван на МРТВ) (5).
- Јули 2006 г.: Солистички рецитал, Фестивал „Скопско лето ’06“, Уметничка галерија „Даут-Пашин амам“, Скопје, Македонија (5).
- Мај 2006 г.: Солистички рецитал, Француски културен центар, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија(5).
- Мај 2004 г.: Солистички рецитал, Cité International Universitaire - Фондација на САД, Париз, Франција (6).
- Ноември 2003 г.: Концерт на музика на XX век, Културно-информативен центар-Салон 19.19, Скопје, Македонија (5).

– Ноември 2002 г.: Солистички рецитал, Културно-информативен центар-Салон 19.19, Скопје, Македонија (5).
– Јули 2002 г.: Солистички рецитал, Фестивал „Скопско лето ’02“, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија (5).
– Мај 2002 г.: Солистички рецитал, Дом на културата, Крива Паланка, Македонија (5).
– Ноември 2001 г.: Солистички рецитал, ‘Musica Viva’, УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (5).
– Мај 1999 г.: Солистички рецитал, Национален музеј „Земјата и луѓето“, Софија, Бугарија (6).
– Мај 1999 г.: Солистички рецитал, Државна музичка академија, Софија, Бугарија (6).
– Јуни 1998 г.: Солистички концерт, Манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (5).
– Мај 1998 г.: Солистички рецитал, ‘Jeunesses Musicales’ на Македонија, УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (6).
– Мај 1998 г.: Солистички рецитал, Средно музичко училиште, Тетово, Македонија (6).
– Декември 1996 г.: Солистички рецитал, ‘Jeunesses Musicales’ на Македонија, УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (6).
– Мај 1996 г.: Солистички рецитал, УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (6).
– Јули 1994 г.: Солистички полурецитал, Фестивал „Охридско лето ’94“ – Подиум на млади, „Св. Софија“, Охрид, Македонија (6).
– Јуни 1994 г.: Солистички полурецитал, Фестивал „Скопско лето ’94“, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија (6).

***Камерна музика***

– Март 2011 г.: 67 ЛСУ Фестивал на современа музика, Настап со J. Allison-Preparing the Land, ЛСУ Студио Театар, Батон Руж, САД (8).
– Ноември 2010 г.: Рецитал по композиција на К. Нол, композитор, Настап со C. Knolls-Goetia за дувачки квинтет, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (8).
– Април 2010 г.: Настап со J. Brahms-Кларинет Квинтет оп. 115, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (8).
– Април 2010 г.: 66 ЛСУ Фестивал на современа музика, Настап со C. Knolls-Goetia за дувачки квинтет, ЛСУ Колеџ за музички и драмски уметности, Шеивр Театар, Батон Руж, САД (8).
– Април 2010 г.: Рецитал по соло пеење на Л. Картураит, сопран, Настап со M. Ravel-Trois Poémes de S. Mallarmé, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (8).
– Неомври 2009 г.: Мултимедијален концерт, Настап со B. Gallion-Terra Sonus Noemvri 2009: Multimedijalen Nastap so B. Gallion-Terra Sonus, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (1).
– Октомври 2009 г.: Рецитал по композиција на Л. Џејкоб, Настап со L. Jacob-Chamber Orchestra No. 1, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (8).
– Април 2009 г.: Настап со S. Prokofiev-Квинтет оп. 39 ЛСУ Музеј „Француска куќа“, Батон Руж, САД (8).
– Февруари 2009 г.: Рецитал по соло пеење на Р. Шовин, баритон, Настап со G. Mahler-Kindertotenlieder , ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (8).
– Април 2008 г.: Концерт на камерна музика, Настап со G. Eastman-Tales of Transitions, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД.
– Април 2008 г.: Рецитал по композиција на У. Уанг. Настап со W. Wang-The Little Cabbage и Дувачки квинтет бр. 1, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД.
– Октомври 2007: Настап со W. A. Mozart-Кларинет Квинтет K. 581 и A. Glazunov-Orientale Reveire ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД.
– Април 2005 г.: Фестивал MusiPoeSci, Настап со G. Cacippo-Advanced of the Fungi, „Куќа на поезијата“, Париз , Франција (настапот е аудио снимен од DRAM) (1) и (10).
– http://www.dramonline.org/performers/bliznik-erika

- http://www.theatreonline.com/guide/detail_piece.asp?lst_regions=0&i_Programmation=10092&i_Page=2
- Мај 2005 г.: Концерт на класата по кларинет на Ф. Купер, Настап со A. Piazzola-Histoire the Tango, Strauss-Polka за ансамбл кларинети, Национален конзерваториум, Версај – Париз, Франција.
- Јули 2003 г.: Концерт на камерна музика на Дувачки квинтет „АРТ“, Фестивал „Штипско лето ’03“, Галерија Безистен, Штип, Македонија (7) и (9).
- Јули 2003 г.: Концерт на камерна музика на Дувачки квинтет „АРТ“, Фестивал „„Велешко лето ’03“, Градска библиотека, Штип, Македонија (7) и (9).
- Февруари 2003 г.: Авторски концерт на Т. Манчев, композитор, Настап со T. Manchev-Intrada and Capriccio, Хотел Југо, Гевгелија, Македонија (7).
- Март 2002 г.: Фестивал „Денови на македонската музика ’02“, Настап на Дувачки квинтет „АРТ“ со С. Стојков-Квинтет, А. Џамбазов-Хумореска, Б. Цанев-Трио, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија (концертот е снимен и емитуван на МРТВ) (7) и (9).
- Декември 2002 г.: Авторски концерт на Т. Манчев, композитор, Настап со T. Manchev-Intrada and Capriccio, УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (концертот е во живо аудио снимен од IRAM) (7).
- Јули 2001 г.: Интернационална летна школа и Фестивал „Дартингтон ’01“, концерт на камерна музика, Наспат со дела од G. Handle-Suites за квартет кларинети, Дартингтон, Англија (10).
- Мај 1999 г.: Концерт на И. Панчев, пијано, Настап со R. Schumann-Phanstasiestücke оп. 73, Национален музеј „Земјата и луѓето“, Софија, Бугарија.
- Август 1998 г.: Интернационална летна школа и Фестивал „Дартингтон ’01“, Концерт на камерна музика, Наспат со дела од M. Arnold-Three Shanties и H. Birtwistle-Silbury Air, Дартингтон, Англија (10).
- Мај 1997 г.: Настап со камерни дела за квартет кларинети, ФМУ Квартет кларинети, Дом на АРМ, Скопје, Македонија (7).

***Соло настапи на концерти***

- Ноември 2010 г.: Концерт на ЛСУ симфонискиот оркестар, Бранко Павловски-диригент, Настап со Л. Бетовен- Егмонт Увертира, ЛСУ Театар на сојуз на студенти, Батон Руж, САД.
- Март 2010 г.: ЛСУ Кларинет конвенција, Настап со P. Jean-Jean: Carnival of Venice, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (10).
- Ноември 2009 г.: Рецитал по композиција на Р. Кадо, Настап со R. Cadue-Four Pieces for Solo Clarinet, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД (посветени на Б. Павловски).
- Декември 2008 г.: Концерт на ЛСУ студио по кларинет, Настап со A. Copland-Concerto ЛСУ „Француска куќа“, Батон Руж, САД.
- Ноември 2007 г.: Концерт на ЛСУ студио по кларинет, настап со T. Gouvy-Sonata, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД.
- Октомври 2007 г.: Концерт на ЛСУ студио по кларинет, Настап со A. M. Auzende-Morceau de Cooncert, ЛСУ Факултет за музичка уметност, Батон Руж, САД.
- Март 2007 г.: Фестивал „Денови на македонската музика ’07“, настап со Љ. Бранџолица-Мирјана, Музеј на Град Скопје, Македонија (концертот е снимен и емитуван на МРТВ) (2) и (9).
- Мај 2005 г.: Концерт на класата по кларинет на Ф. Купер, Настап со Пајдушко, S. Colery-Intro et Allegro, Национален конзерваториум, Версај - Париз, Франција.
- Јуни 2004 г.: Концерт на класата по кларинет на Д. Видал, Настап со L. Berio-Sequenza and H. Tomasi-Concerto, Национален конзерваториум, Аврej - Париз, Франција.
- Декември 2003 г.: Концерт на класата по кларинет на Д. Видал, настап со T. Olah-Sonata и J. Fransaix-Variations, Национален конзерваториум, Аврej - Париз, Франција.
- Октомври 2002 г.: 53 години од основањето на Р. Кина, Настап со P. Gaubert-Fantasie, Културно-информативен центар-Салон 19.19, Скопје, Македонија (7).

- Април 2002 г.: Настап со C. Nielsen-Concerto оп. 57 , 'Musica Viva', УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (7).
- Март 2000 г.: Студио клас на Катедрата по дувачки инструменти, настап со J. Brahms-Sonata f-moll, W. Mozart-Кларинет концерт K. 622, Музичка академија, Прага, Р.Чешка .
- Октомври 1999 г.: Студио клас на Катедрата по дувачки инструменти, настап со I. Stravinsky-Three Pieces, Музичка Академија, Прага, Р.Чешка .
- Јули 1999 г.: Настап со I. Stravinsky-Three Pieces, МТВ 1 „Добро утро Македонијо",Скопје, Македонија (настапот е во живо емитуван на МРТВ) (7).
- Април 1999 г.: Концерт на класата по кларинет на П. Радев, настап со G. Rossini-Variations, Државна музичка академија, Софија, Бугарија.
- Неомври 1997 г.: Настап со F. Poulenc-Sonata, 'Musica Viva', УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија (7).
- Октомври 1997 г.: Настап со Ch. Widor-Introduction et Allegro, 'Musica Viva', УКИМ Факултет за музичка уметност, Струга, Македонија (7).
- Јуни 1996 г.: Солист со оркестарот на Македонската филхармонија-Подиум на млади, настап со Mozart: Concerto K. 622, Дом на АРМ, Скопје, Македонија.
- Мај 1995 г.: Настап со H. Rabaud-Solo de Concour, E. Bozza-Italliane Fantasie, 'Musica Viva', УКИМ Факултет за музичка уметност, Скопје, Македонија.
- Март 1995 г.: Фестивал „Денови на македонската музика '95", Настап со V. Krueziju-5 Миниатури, МРТВ Студио М 1, Скопје, Македонија (концертот е снимен и емитуван на МРТВ) (2) и (9).
- Октомври 1994 г.: Концерт 50 години организација на Обединетите нации, настап со A. Grgin: Capriccio, Дом на АРМ, Скопје, Македонија (концертот е во живо емитуван на МРТВ) (2).
- Април 1994 г.: Настап со A. Grgin: Capriccio, Концерт на МБУЦ ученици во Државното музичко училиште Љ. Пипков во Софија и Државното музичко училиште Д. Петков во Пловдив, Бугарија.
- Март 1994 г.: Фестивал „Денови на македонската музика '94", настап со В. Николовски-Интродукција и рондо, МРТВ Студио М 1, Скопје, Македонија (концертот е снимен и емитуван на МРТВ) (2) и (9).
- Јуни 1993 г.: Фестивал „Скопско лето '93", концерт на МБУЦ ученици, настап со C. Weber-Concerto No 1, Музеј на Град Скопје, Скопје, Македонија (9).
- Мај 1993 г.: Настап со L. Perminov-Balade, концерт на МБУЦ ученици, манифестација во чест на св. Кирил и Методиј, Рим, Италија (концертот е снимен и емитуван на МРТВ).
- Март 1993 г.: Настап со L. Perminov-Balade, концерт на МБУЦ ученици во Државното музичко училиште Љ. Пипков, Софија, Бугарија.
- Јуни 1992 г.: Фестивал „Скопско лето '92", концерт на МБУЦ ученици, настап со C. Weber-Concertino оп.26, Уметничка галерија „Даут-Пашин амам", Скопје, Македонија (9).
- Мај 1992 г.: Солист со оркестарот на Македонската филхармонија-Подиум на млади, настап со C. Weber-Concertino оп.26, МРТВ Студио М 1, Скопје, Македонија.
- Мај 1989 г.: Настап со Б. Брун-Минијатури бр. 3, ОУ „Ј. Јовановиќ-Змај", Белград, Србија.
- Март 1988 г.: Концерт на прво наградените ученици на Државниот натпревар по музика, Настап со R. Clerisse-Vieille Chanson, Битола, Македонија.

М-р Бранко Павловски зема активно учество како кларинетист во камерни и симфониски оркестри, како и настапи со различни камерни формации од кои би ги издвоиле:

– од 2007 до 2011 година наставува како прв кларинетист, ес кларинет и бас кларинет на симфонискиот оркестар на Државниот универзитет во Лузијана, САД;
– од 2007 до 2010 година е прв кларинетист на Дувачкиот ансамбл при Државниот универзитет во Лузијана, САД;
– во сезоната 2008/2009 година е втор кларинетист на „Батон Руж симфонискиот оркестар“ во САД;
– од 2001 до 2007 година работи како прв кларинетист во Воениот оркестар на АРМ, Скопје;
– од 2002 година е член на Дувачкиот квинтет „АРТ“, Скопје;
– во 2000 година е соработник кларинетист на „Моцарт оркестарот“ во Прага;
– во 1998 и 2003 година е хонорарен соработник на Македонска филхармонија;
– од 1994 до 1998 година е прв кларинетист на Симфонискиот оркестар на Факултетот за музичка уметност, Скопје.

## З А К Л У Ч О К

Од гореизнесено, сумирајќи ги резултатите на пријавените кандидати за нивното досегашно професионално преставување, несомнено се издвојува кандидатот Бранко Павловски, кој детално ги исполнува сите предвидени услови за избор во звањето насловен доцент, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од увидот во целокупната документација, Рецезентската комисијата констатираше дека м-р Бранко Павловски е со несомнено најголема концертна активност и награди од натпреварување по кларинет. Бранко Павловски е прогласен за најдобар студент на генерацијата на ФМУ во Скопје со просек од положени испити 9,95. Тој има завршено две магистерски студии по кларинет во Скопје и во Софија, и има специјализирано на својот инструмент во Париз, Прага, Англија, Германија, Бугарија и САД. Бранко Павловски во моментов е пред одбрана за докторската дисертација на Државниот универзитет во Лузијана, САД и тој е кандидат кој зборува два светски јазика: англиски и француски јазик, а се служи и со германски и чешки јазик. Се работи за комплетно посветена, совесна, одговорна и исполнителна личност, што има инвестирано најмногу во своето усовршување. Исто така, Бранко Павловски работел како асистент по кларинет на еден реномиран американски универзитет, држејќи настава на дипломци и магистранти.

Исто така, согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот м-р Бранко Павловски во целост ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност во наставно-образовната, научноистражувачката и стручната уметничка, како и стручно-апликативна и организациско-развојната (САОР) дејност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (75 поени), со обезбедување на потребниот минимум во сите три графикони од Правилникот и освојувајќи вкупно (272.6 поени).

Од друга страна, м-р Зоран Илиев преку наведените активности несомнено покажува високоразвиени способности и вештини за извршување на квалитетна наставно - образовна дејност. За жал, поради лимитираниот број на концерти и концертни програми приложени во неговата биографија и документација, како и необезбедувањето на минимумот поени во табелата за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности и табелата за стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност. Ние, како Рецензентска комисија, не можеме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере во звањето насловен доцент.

Рецензентската комисија смета дека лицата кои треба да бидат бирани во звање доцент по стручно - уметнички предмети, освен способноста за наставна работа, треба да покажат и поголема стручно-уметничка концертна дејност. Заедно со концертната дејност, цениме дека кандидатот треба да приложи објавени книги, ЦД-изданија или успеси во признати институции, списанија во земјава и во странство, што за жал во оваа кандидатурата на м-р Зоран Илиев не беше приложено. Поради претходно наведеното, му предлагаме на Наставно - научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да го избере м-р Бранко Павловски** во насловно звање **насловен доцент** за наставно-научната уметничка област **кларинет**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Иван Кочаров, претседател, с.р.**
**Доц. м-р Владимир Лазаревски, член, с.р.**
**Проф. м-р Кирил Рибарски, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Бранко Павловски**

| **Реден број** | **Наставно - образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 7. | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (CD - Live from LSU, LSU Wind Ensemble, Frank Wickes-conductor, 2008, 2009, 2010 Concerts Excerpts, Limited edition Vol. 11, 12,13) | | **8** (1) |
| 10. | Учество во образовна РТВ програма (МТВ, ДММ 94,95,95,07) 4 x 0,5 | **2**(2) | |
| 25. | Предавања<br>- 2007/2008 (6 x 1,5 ) + 2,<br>- 2008/2009 (6 x 1,5 ) + 2;<br>- 2009/2010(6 x 1,5) + 2;<br>- 2010/2011(6 x1,5)+2; | | **44**(3) |
| 26. | Вежби<br>- 2007/2008(6x 0,2)<br>- 2009/2010(6x 0,2)<br>- 2010/2011(6x 0,2) | | **3.6**(4) |
| | Вкупно поени | **57,6 од потребни 30** | |

| **Реден број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт ( целовечерни солистички концерти) 16 x 3 и 7 x 6 = 42 | **48**(5) | **42**(6) |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (камерни концерти) 10x 2 = 20 8 x 4 = 24 | **20**(7) | **32**(8) |
| 9. | Концерт во земјава и во странство (на фестивали) 8x 1.5 = 12 4X 2 =8 | **12**(9) | **8**(10) |
| 10. | Одбранета магистерска работа | **4**(11) | **4**(12) |
| 21. | Сценско-музички награди 5X 5 = 25<br>1 X10 = 10 | **25** (13) | **10**(14) |
| 22 | Студиски престој во странство | | **8**(15) |
| | Вкупно поени | **205 од потребни 38** | |

| **Реден број** | **Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 19 | Стручни награди и признанија 2 X 4 =8 | **8** (16) | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија** | **2** (17) | |
| | **Вкупно поени** | **10 од потребни 7** | |

**Вкупно 272,6 од потребни 75 поени**

**ПРИЛОГ**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Зоран Илиев**

| Реден број | Наставно - образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | **6**(18) | |
| 25. | Предавања<br>- 2007/2008 (4 x 1,5 ) + 2,<br>- 2008/2009 (4 x 1,5 ) + 2;<br>- 2009/2010(4 x 1,5) + 2;<br>- 2010/2011(8 x1,5)+4; | **40**(19) | |
| 26. | Вежби<br>- 2007/2008(4x 0,2)<br>- 2008/2009(4x 0,2)<br>- 2009/2010(4x 0,2)<br>- 2010/2011(8x 0,2) | **4**(20) | |
| | Вкупно поени | **50 од потребни 30** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (целовечерни концертни настапи) 3 x3 =9 | **9**(21) | |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (камерни концерти) 6 x 2 =12 | **12**(22) | |
| 9. | Концерт во земјава и во странство (Фестивал) 1x 1.5 = 1.5 | **1.5**(23) | |
| 10. | Одбранета магистерска работа | **4**(24) | |
| 21. | Сценско музички награди 2X 5 = 10 | **10**(25) | |
| | Вкупно поени | **36.5 од потребни 38** | |

| Реден број | Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| | Вкупно поени | **0 од потребни 7** | |

**Вкупно 86,5 од потребни 75 поени**

*Во второто поле НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ кандидатот м-р Зоран Илиев го нема минимумот 38 поени

*Во последното поле СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ кандидатот м-р Зоран Илиев го нема минимумот 7 поени